Врз основа на член 73 став (1) точка 1 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 19 јуни 2026 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за одбивање на приговор**

1. Приговорот на МАЈ ТАЈМ ДОО Скопје УП2 09-1127/25 од 3 декември 2025 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_39_20251003_1264 од 20.11.2025 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_39_20251003_1264 од 20.11.2025 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### **О б р а з л о ж е н и е**

МАЈ ТАЈМ ДОО Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-1127/25 од 3 декември 2025 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје NCC_39_20251003_1264 од 20.11.2025 година (во понатамошниот текст: Електродистрибуција), издадено поради некомплетна документација и фактот што предметната фотонапонска електроцентрала (понатаму: ФЕЦ) не е вклучена во Годишниот план за изградба на енергетски објекти за 2025 година (понатаму: Годишен план).

Се работи за фотонапонска електроцентрала со инсталирана моќност од 73.2kW.

Подносителот на приговорот потенцира дека поседува Решение за одобрение за изградба на фотонапонски електроцентрали кои се поставуваат на објекти на вм голема нива на КП 992/2 КО Злокуќани Скопје, правосилно на 27.05.2025 година.

Потенцира е погрешно толкуван член 299 став (1) од Законот за енергетика*, според кој енергетските објекти за кои е добиено одобрение за градење и Решение за согласност за приклучување во рок не подолг од 120 дена од влегување во сила на законот, се сметаат за вклучени во Годишниот план за 2025 година.

Електродистрибуција смета дека бидејќи подносителот на приговорот немал обезбедено Решение за согласност за приклучување во тој рок, мора да ја следи новата постапка за поднесување на иницијатива согласно член 87 од Законот за енергетика*, што е толкување спротивно на целта и духот на законот да им се овозможи на проектите кои се наоѓаат во напредна фаза на реализација да ја продолжат постапката според дотогашните правила.

Предметната ФЕЦ е веќе изградена, е функционална и за истата е извршен технички преглед уште во август 2025 година.

Според Електродистрибуција – согласно, член 87, став (13) точка 1 од Законот за енергетика, Министерството во соработка со операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем во Годишниот план за изградба на енергетски објекти определува начин на приклучување на енергетските објекти за секоја поединечна инвестиција прифатена во Годишниот план за изградба на енергетски објекти. Оттука, ОДС не може да издаде Решение за приклучување на енергетски објекти кои не се опфатени во Годишниот план.

ОДС е должен да постапува во согласност со позитивните прописи и доследно да го применува Законот за енергетика*. Доколку некој објект не е во Планот за изградба на енергетски објекти донесен од Министерство за енергетика, не може да биде приклучен на преносен ниту дистрибутивен систем. На сите баратели кои беа влезени во Годишниот план за 2025 година им е издадено Решение за согласност за приклучување, а кога барателите ќе бидат дел од некој иден Годишен План, на истите ќе може да им се издаде Решение за приклучување, доколку има технички услови.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 9 февруари 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-1127/25 од 3 декември 2025 година со прилог:

- Приговараното Решение
- Решение за одобрување на изградба на фотонапонска електроцентрала поставена на објект бр. 47-4638/3 од 14.05.2025 година со правосилност од 27.05.2025 година, издадено од Општина Карпош

2. Одговор на приговор и дополнителни докази од ЕВН од 5 февруари 2026 година со прилог:

- Имотен лист

На седницата се заклучи да се закаже состанок со претставници на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Министерството и Министерството за транспорт и врски.

На 2 март 2026 година во просториите на Регулаторната комисија за енергетика се одржа состанок на кој присуствуваше претставник од Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, претставници на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје и на ЕВН Македонија АД Скопје.

На состанокот се заклучи до Министерството да се испрати Барање на мислење за третман на објекти со правосилни одобренија за градење, при што на 31 март беше испратено Барање за мислење за тоа каков ќе биде третманот за објекти за кои постои правосилно Одобрение за градење, а истите не се вклучени во ниеден Годишен план, односно дали Одобренијата за градење ќе бидат поништени или дали ваквите објекти ќе се опфатат во Годишниот план за 2025 година или за 2026 година преку нивно изменување и дополнување во зависност од датумот на правосилност на одобренијата за градење.

На 5 мај 2026 година од страна на Министерството беше одговорено дека не постои правен основ за автоматско вклучување на објекти во Годишниот план за изградба на енергетски објекти единствено врз основа на постоење на правосилно одобрение за градење.

На 7 мај 2026 година Приговорот повторно се разгледуваше и на седницата се заклучи Електродистрибуција да го достави известувањето добиено од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, како и табелата со баратели на согласност за приклучување со поднесено барање во периодот од 120 дена од денот на влегување на Законот за енергетика со цел добивање на информација до кој датум барањата за ЕЕС се третираат како валидни.

На 12 мај 2026 година беше доставен одговор во кој е наведено следното:

- Министерството за енергетика со допис од 24.06.2025 година се обрати до Операторот на електродистрибутивниот систем – Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, со барање за доставување податоци за енергетски објекти кои се во постапка на изградба и имаат добиено одобрение за градење и Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа, за период до 27.06.2025 година. На 30.07.2025 година, од страна на Електродистрибуција

ДООЕЛ Скопје беше доставена табела со датум на пресек до 01.07.2025 година (листа на енергетски објекти кои се во постапка на изградба и имаат добиено одобрение за градење и Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа до 01.07.2025 година).

-По доставувањето на одговорот на претходниот допис, Министерството за енергетика на 03.10.2025 година повторно побара ажурирани податоци за енергетските објекти кои се во постапка на изградба и имаат добиено одобрение за градење и Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа, за период од 01.07.2025 до 01.10.2025 година. На 15.10.2025 година беше доставен табеларен преглед со побараните податоци (листа на енергетски објекти за наведениот период).

Во прилог на одговорот се доставени и:

-Табеларен преглед на енергетски објекти со одобрение за градба и издадени Решенија за согласност за приклучување за период од 01.07.2025-01.10.2025 година

-Барање за ажурирање на податоци бр. 08-2898/2 од 03.10.2025 година издадено од Министерството за енергетика до Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

Согласно, член 87 став (13) точка 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на РСМ“ бр. 101/25 и 135/25), Министерството во соработка со операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем во Годишниот план за изградба на енергетски објекти определува начин на приклучување на енергетските објекти за секоја поединечна инвестиција прифатена во Годишниот план за изградба на енергетски објекти.

Согласно член 299 став (1) од Законот за енергетика* енергетските објекти за кои е добиено:

-- одобрение за градење и Решение за согласност за приклучување на преносната или дистрибутивната мрежа или

-- овластување за изградба на нови енергетски објекти, согласно Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ број 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) или друг закон, во рок не подолг од 120 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон се сметаат за објекти опфатени односно вклучени во Годишниот план за изградба на енергетски објекти за 2025 година и најдоцна до 15 ноември 2025 година може да поднесат барање за овластување до Министерството.

Предметниот објект не е опфатен со горенаведениот член 299 став (1) поради фактот што за истиот не е обезбедено Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа, односно барањето за издавање на решение за согласност за приклучок е поднесено на 03.10.2025 година, а правосилноста на Одобрението за градење е на 27.05.2025 година.

На седница одржана на 14 мај 2026 година приговорот повторно се разгледуваше и на седницата се заклучи Електродистрибуција во најбрз можен рок да го достави Известувањето кое Министерството за енергетика го доставува до ОДС за тоа кој е дел од Годишниот план за изградба на енергетски објекти, наведено во приговараното Решение.

На 19 мај 2026 година беше одговорено дека по доставувањето на ажурираните податоци (во форма на табеларен преглед), изготвени по барање на Министерството за енергетика од 15.10.2025 година, кои се однесуваат на енергетските објекти што се во постапка на изградба и имаат добиено одобрение за градење како и Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа за периодот од 01.07.2025 до 01.10.2025 година, не е добиен повратен одговор или известување од нивна страна.

Воедно, Министерството, врз основа на доставените податоци, на ден 11.12.2025 година го изготви и објави Годишниот план за 2025 година.

Потоа, на 22 мај 2026 година Приговорот повторно се разгледуваше при што на седницата се заклучи да се контактира подносителот на приговорот за тоа дали има поднесено Иницијатива до надлежната Општина согласно член 16 став (3) и (4) од Законот за енергетика*, кој телефонски изјави дека не е поднесена таква Иницијатива бидејќи датумот на правосилноста на одобрението на градење е пред влегување во сила на новиот Закон за енергетика*, па оттука и сметале дека немаат потреба од достава на Иницијатива.

На 16 јуни 2026 година Приговорот повторно се разгледуваше.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Согласно, член 87 став (13) точка 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на РСМ“ бр. 101/25 и 135/25), Министерството во соработка со операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем во Годишниот план за изградба на енергетски објекти определува начин на приклучување на енергетските објекти за секоја поединечна инвестиција прифатена во Годишниот план за изградба на енергетски објекти.

Согласно член 299 став (1) од Законот за енергетика “ енергетските објекти за кои е добиено:

-- одобрение за градење и Решение за согласност за приклучување на преносната или дистрибутивната мрежа или
-- овластување за изградба на нови енергетски објекти, согласно Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ број 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) или друг закон, во рок не подолг од 120 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон се сметаат за објекти опфатени односно вклучени во Годишниот план за изградба на енергетски објекти за 2025 година и најдоцна до 15 ноември 2025 година може да поднесат барање за овластување до Министерството.

Предметниот објект не е опфатен со горенаведениот член 299 став (1) од Законот за енергетика* поради фактот што за истиот не е обезбедено Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа, односно барањето за издавање на решение за согласност за приклучок е поднесено на 03.10.2025 година, а правосилноста на Одобрението за градење е на 27.05.2025 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, се утврди дека Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–1127/25**
**19 јуни 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**